Nr./Бр.04- 1706/11
Data/Дата: 15.12.2023 год.

Врз основа на член 52 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со интерниот оглас за унапредување во Општина Желино бр.02/2023, и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерен оглас бр.04-1706/10 од 14.12.2023 година,Градоначалникот на Општина Желино донесе :

О Д Л У К А

за избор за унапредување на административен службеник за работното место број 1

1. Во врска со интерниот оглас број 02/2023 за унапредување на административен службеник во Општина Желино, објавен на веб страната на Општина Желино и Агенцијата за Администрација, за следното работно место
2. **УПР 01 01 Г01 000- Самостоен референт за месна самоуправа, во Одделението за јавни набавки при Секторот за финансиски прашања-** 1 (еден) извршител од предложената Ранг листа **СЕ ИЗБИРА** следниот кандидат: **Мирлинда Јашари.**
3. Градоначалникот на Општина Желино во рок од 5 дена на избраниот кандидат по конечноста на одлуката ќе донесе решение за унапредување на административен службеник од точка 1 на оваа Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добиеното известување за обезбедни финансиски средства од Секторот за финансиски прашања во Општина Желино бр.04-1706/1 од 30.11.2023 год, за унапредување на административни службеници, Општина Желино на ден 04.12.2023 год, објави на веб страната на Општина Желино и на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр.02/2023 заведено под бр.04-1706/2 од 30.11.2023 год, за унапредување на 1 административен службеник.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирана со Решение бр. 04-1706/8 од 11.12.2023 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви записник за селекција

на кандидатите заведено под бр. 04-1706/9 од 14.12.2023 година, како и спроведе интервју за што е составен Записник под бр.04-1706/10 од 14.12.2023 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр.04-1706/10 од 14.12.2023 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до Градоначалникот.

Согласно член 52 од Законот за административни службеници "Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува Решение за унапредување на административниот службеник."

Имајќи го во предвид горенаведениот член, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен ,во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Кандидатот
- Огласна табла
- Архива

Подготвил: Абдилазиз Азизи_____
Контролирал: Ибрахим Џелили_____

ОПШТИНА ЖЕЛИНО
Градоначалник,
Блерим Сејди